Одржување на настани од јавен карактер, како обуки, предавања и работилници преку кои пошироката јавност би била запознаена со користењето и уредувањето на Википедија и останатите проекти на Викимедија, движењето Викимедија, активностите на „Споделено знаење“ и на НУБ „Св. Климент Охридски“, и користењето на библиотечните фондови на Македонија за создавање на содржини со цел да се оствари општествена корист.

- Промовирање на заедничките активности и настани во медиумите од страна на „Споделено знаење“ и од страна на Библиотеката.
- Други неспоменати активности за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од потписничките страни на Меморандумот.

За понатамошната соработка произлезена од овој меморандум страните се согласни да потпишат поединечни договори или сеопфатен договор кој ќе ги утврдува правата и обврските произлезени од соработката помеѓу истите.

Меморандумот преставува основа и не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

**Скопје, 10.06.2016 година**

| | |
|---|---|
| **потпис и печат** | **потпис и печат** |
| **Кирил Симеоновски** | **д-р Иван К. Заров** |
| Претседател на „Споделено знаење“ | Директор на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје |